И7332

14.17.14.

ДНЕВНИК, СРЕДА, 29 НОЕМВРИ 2000

ДЕНЕСКА НА ИНТЕРНЕТ

# Ден на Музејот на современата уметност

Музејот на современата уметност денеска ќе биде "музеј на денот" на интернет-страницата - www.museum.com. На сајтот може да се најдат сите потребни информации со илустрации за повеќе од 20.000 музеи низ светот, а секој ден различен музеј го носи епитетот "музеј на денот". Информации за Музејот на современата уметност-Скопје може да се најдат и на адресата www.museum.com/jb/museum?id-22243.

- Целта на проектот е истакнување на одреден музеј во текот на денот. Со тоа се потикнуваат сите музеи постојано да ја средуваат својата страница и да внесуваат нови информации, за одржани или планирани изложби, печатење монографии, каталози и други активности на музејот - рече Зоран Петровски, директор на Музејот на современата уметност.

Изработката на сопствена веб-страница на Музејот на современата уметност е почната уште пред две години, која иако е во почетна форма, заинтересираните може да ја користат.

- Мултимедијалната група "Ван Гог ТВ" ја изработи страницата за Музејот, но за жал, ние немаме соодветна опрема постојано да ја обновуваме страницата со нови информации и илустрации - рече Петровски. (О. П.)